

**ДЕЛ ОД МОНОГРАФИЈАТА ЗА МАНАСТИРОТ „СВЕТА БОГОРОДИЦА“ ВО СЛИВНИЦА ОД Д-Р ВЕРА СТОЈЧЕВСКА-АНТИЌ И СЛАВЕ НИКОЛОВСКИ-КАТИН**

***Бидејќи манастирот „Света Мала Богородица“ изобилува со богати фрески, икони, резби, архитектура, интересни случувања и друго, во последните години тој е предизвик за бројни научници, патеписци и други заинтересирани кои посветуваат големо внимание на науката, литературата и воопшто на црковното и културното живеење на Долна Преспа и пошироко на Македонија.***

Славата и честа што ѝ се оддаваат на Пресвета Богородица во Македонија ја паметат многу генерации наназад. Нејзиниот лик е достоинствено и интензивно обработуван во

бројните живописи и икони во македонските цркви и манастири. Нејзиниот ореол не ги одминал и книжевните и народните творби. Токму затоа, целокупното богатство собрано во Македонија, опфатено со нејзината личност, дело и бројни добродетели, нужно бара широки истражувања.

Нејзиниот култ е присутен во Македонија и во дијаспората, но тој бара и многу опсежни студии во областите на црковно канонското наследство, книжевно, историско - уметничко, археолошко, социјално, историско, теолошко, фолклорно, итн. Бројните уметнички дела во црквите и манастирите, ракописите во старите и новите книгохранилишта, иако празнети низ вековите заради скапоцеността што ги содржеле, бараат нови заокружени видувања и анализи.

Инаку, широкиот ореол на Пресвета Богородица е присутен низ цела Македонија. Преспанскиот регион брои над шеесет црковни градби со нејзино име. Овој регион со сите убавини и богатства што ги поседува, со Преспанското Езеро опколено со зачувани природни убавини, чува вековна традиција и култ кон Пресвета Богородица.

Покрај тоа, Преспа е полна со историски настани и случувања: Распослана на римската магистрала Виа Игнација, седиште на првата Самуилова престолнина, место на првата словенска Митрополија, со учество на дванаесет комитски чети во Илинденското востание, со бројни паднати жртви во НОБ, а денес израсната во напреден туристичко - стопанска област во Македонија.

Вековните верски и други преданија и легенди ги памети и современиот жител крај вековните црковни градби и култни места. Не случајно во оваа прилика истакнуваме само еден карактеристичен пример, а нив ги има Македонија во изобилство - Сливничкиот манастир и Пресвета Богородица.




[illegible]



**Пишува: СЛАВЕ КАТИН**